ЕВРОПСКИ УНИВЕРЗИТЕТ
СКОПЈЕ

# БИЛТЕН

## БРОЈ 11/22



21.11.2022 година

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО – НАУЧНИ ЗВАЊА ОД ОБЛАСТА СМЕТКОВОДСТВО (50328 ФРАСКАТИЕВА КЛАСИФИКАЦИЈА) НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЕКОНОМСКИ НАУКИ ПРИ ЕВРОПСКИОТ УНИВЕРЗИТЕТ - СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Факултетот за економски науки при Европскиот Универзитет – Скопје на својата 310 седница одржана на ден 14.09.2022 година донесе одлука со број 02-910/1 од 14.09.2022 година за формирање на Рецензентска комисија за избор на наставник во сите наставно – научни звања за наставо-научната област **СМЕТКОВОДСТВО** во состав:

1. Проф. д-р Блажо Недев, редовен професор на Економски факултет при Универзитет Св.Кирил и Методиј - Скопје, претседател
2. Проф. д-р Зорица Божиновска Лазаревска, редовен професор на Економски факултет при Универзитет Св.Кирил и Методиј – Скопје, член
3. Проф. д-р Зоран Миновски редовен професор на Економски факултет при Универзитет Св.Кирил и Методиј – Скопје, член.

Рецензентската комисија, по разгледување на поднесената документација, на Наставно-научниот совет на Факултетот за економски науки во состав на Европскиот Универзитет - Скопје, му го поднесува следниов:

# И З В Е Ш Т А Ј

На распишаниот конкурс за избор на наставник во сите наставно – научни звања за наставно-научната област **СМЕТКОВОДСТВО (50328 Фраскатиева класификација)** при Факултетот за економски науки во состав на Европскиот универзитет – Скопје, објавен во дневниот весник "Вечер" на ден 07.07.2022 година е пријавен еден кандидат:

1. Доц. д-р Анита Шешо, вработена на Факултетот за економски науки при Европски универзитет – Скопје, како доцент по група предмети од областа Сметководство.

Кандидатката ги приложи сите потребни документи согласно Конкурсот и условите за избор во наставно-научно звање согласно Законот за високо образование на Република С. Македонија. Во приложената документација се опфатени следниве докази за исполнетост на условите: Пријава по конкурсот, Кратка биографија со приказ на професионалниот развој на нејзината научно-истражувачка и наставно-научна дејност, стручно-апликативна и развојно-организациска дејност, Диплома и Уверение за стекнат научен степен Доктор на економски науки, Диплома и Уверение за завршен II (втор) циклус на студии и стекнат научен степен Магистер на економски науки од областа на

Сметководство и ревизија со просечен успех од 8,38, Диплома и Уверение за завршен I (прв) циклус на студии и стекнат стручен степен Дипломиран економист на департманот Сметководство и ревизија со просечен успех од 8,13, список на објавени научни и стручни трудови и по еден примерок од истите, Уверение за државјанство, Одлука за избор на доцент на Факултет за економски науки при Европски Универзитет – Скопје во област Сметководство.

Врз основа на приложените документи, Рецензентската комисија ќе ги изнесе биографските податоци за кандидатот, опус на научно-истражувачката, наставно-научната, стручно-апликативната и организациско-развојната дејност на кандидатот, со образложение, мислење и предлог на Комисијата до Наставно-научниот совет на Факултетот за економски науки при Европски Универзитет – Република Македонија.

## I. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Кандидатката д-р Анита Шешо е родена на 24 март 1982 година во Охрид. Основно и средно образование завршила во Охрид со континуиран одличен успех. По завршувањето на средното економско училиште „Св.Климент Охридски" во Охрид се стекнала со звање: Економски техничар.

Во 2000 година се запишала на додипломски студии на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј", Економски факултет – Скопје на насоката Сметководство и ревизија. Во октомври 2004 година дипломирала на тема: *„Концепт на Just in time системот на управување со залихите и утврдување на можноста за негова примена"* и се стекнала со звање: Дипломиран економист.

По дипломирањето се запишува на постдипломски студии на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј", Економски факултет – Скопје на студиумот Сметководство и ревизија, а во јуни 2011 година под менторство на проф. д-р Блажо Недев, магистрирала на тема: *„Интерните цени како основа за воспоставување на економските односи помеѓу деловите на мултинационалните претпријатија"* и се стекнала со звање Магистер по економски науки од областа Сметководство и ревизија.

Во декември 2011 година пријавила докторска дисертација на тема: *„Влијанието на интерните цени врз успешноста на центрите на одговорност во мултинационалните претпријатија"* на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", Економски факултет – Скопје, а во ноември 2017 година под менторство на проф. д-р Блажо Недев, ја одбранила докторската дисертација и се стекнала со титулата – научен степен - Доктор на економски науки.

Покрај формалното образование, д-р Анита Шешо има посетувано и завршено повеќе неформални школи и обуки. Во текот на додипломските студии во периодот од февруари до мај 2004 година посетувала селективен курс за изготвување финансиски извештаи според програмата на Меѓународната асоцијација на овластени јавни сметководители во Англија: Paper 1.1. Preparing Financial Statement of Association of Chartered Certified Accountants (ACCA) одржан на Економски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј"- Скопје, каде од селектираните учесници постигнала најдобри резултати. Во јули 2014 година се здобива со Сертификат за успешно завршен 29-ти Регионален курс на

UNCTAD за клучните прашања на меѓународната економска агенда за земјите со економии во транзиција, одржан во Белград во периодот јуни-јули 2014 година.

Во поглед на работното искуство, кандидатката д-р Анита Шешо од април 2005 година е вработена како Помлад асистент на група предмети од областа Сметководство на Факултетот за општествени науки во Скопје каде е ангажирана на следните предмети: Принципи на сметководство, Финансиско сметководство, Банкарски сметководствен систем, Управувачко сметководство и Ревизија. Во 2008 година била избрана за Помлад асистент на група предмети од областа Сметководство и ревизија на Факултетот за економски науки при Европскиот универзитет – Република Македонија. Во септември 2011 година е избрана за Асистент по група предмети од областа Сметководство на Факултетот за економски науки при Европски Универзитет – Република Македонија. Во јануари 2018 година е избрана за Доцент на група предмети од областа Сметководство на Факултетот за економски науки при Европски универзитет – Скопје. Нејзина научна преокупација се дисциплините од областа на сметководство и ревизија.

Во текот на работниот ангажман се јавува како автор и ко-автор на повеќе трудови од областа Сметководство и ревизија, објавени во домашни и меѓународни публикации, а активно учествува и на повеќе меѓународни конференции организирани во земјата и во странство. Кандидатката е ангажирана и за стручен превод на универзитетски учебници и книги, како дел од национални и меѓународни проекти. Д-р Анита Шешо учествува во меѓународен проект за примена на далечинското учење во образовните процеси: ViCES TEMPUS JEP Video Conferencing Educational Services 144650-TEMPUS-2008-IT-JPGR (2009-2012). Во рамките на овој проект во септември 2009 година остварува работен престој на Универзитетот УНИНЕТУНО во Рим, Италија. Во текот на 2009 г. и 2010 година е ангажирана од издавачката куќа Магор за стручен превод од англиски на македонски јазик на универзитетскиот учебник „Вовед во финансиско сметководство" од авторите Чарлс Хорнгрен, Гери Сандем, Џон Елиот, Дона Филбрик, како дел од национален проект за превод на стручна и научна литература.

Од мај 2012 година е овластен Вештак од областа на материјално и финансиско-сметководствено работење за вештачење на предмети од оваа област.

Од 2013 година е активно вклучена во проектот за спроведување обука за сертифицирање на овластени сметководители во јавниот сектор (PACT) во Република Македонија, како дел од програмата на Институтот за јавни финансии и сметководство (CIPFA) од Лондон. Во текот на нејзиниот ангажман во овој проект д-р Анита Шешо учествува во стручното читање на преведените Меѓународни сметководствени стандарди за јавен сектор. Од 2015 година е овластен предавач на Институтот за јавни финансии и сметководство (CIPFA) од Лондон. Во рамките на PACT 2 програмата вклучена е во преведувањето на учебник, како и во одржувањето предавања за модулот Финансиско известување во јавниот сектор.

Во периодот од октомври 2017 г. до август 2018 година работи како Помошен уредник на Меѓународното списание за наука и уметност – ИДЕЈА кое го издава Европски универзитет – Скопје, а од септември 2018 година е назначена за Главен и одговорен уредник на ова списание. Од јуни 2018 г. до јули 2019 г. е член на Сенатот на Европски универзитет – Скопје, а од септември 2018 година

до јули 2019 година ги извршува функциите Претседател на наставнички колегиум на Факултетот за економски науки при Европскиот универзитет – Скопје и Раководител на Центарот за кариера на Факултетот за економски науки при Европскиот универзитет – Скопје.

Во декември 2018 година кандидатката реализира предавања на Економски факултетот при Европски универзитет во Тирана (УЕТ) на тема: *„Глобалните трендови и предизвици на сметководтвените информациски системи“* како дел од Еразмус+ програма за мобилност на наставен кадар.

Кадидатката д-р Анита Шешо академски се служи со англискиот јазик.

## II. НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА И НАСТАВНО-НАУЧНА ДЕЈНОСТ

### 1. Трудови со оригинални научни резултати објавени во меѓународни научни публикации и меѓународни научни списанија:

Д-р Анита Шешо своите научни истражувања ги фокусира кон анализа на проблематики од областа на сметководството и ревизијата. Кандидатката д-р Анита Шешо во последните пет години ги има објавено следниве научни трудови:

а. Научни трудови во зборници и научни и стручни списанија:

1. Shesho, A.: *Impact of Covid-19 pandemic on financial reporting.* European University– Skopje. International Journal of Science and Arts IDEA. Vol.6 No.11. Skopje. June 2022 (41-48)
2. Shesho, A. co-author: *Cost evaluation of technologies for space heating, cooling and domestic hot water for multifamily apartments in R. N. Macedonia. ANNALS of Faculty Engineering Hunedoara – International Journal of Engineering Tome XX [2022] | Fascicule 2 [May]. Romania (149-154)*
3. Shesho, A. co-author: *Economic Assessment of the Integration of Renewable Energy Sources in the Heating Sector*. International Journal of Science and Arts IDEA. European University – Skopje. Vol.5 No.10. Skopje 2021 (21-34);
4. Shesho, A.: *Challenges and Opportunities for Accounting Profession due to Covid-19 Pandemic*. International Journal of Science and Arts IDEA. European University – Skopje. Vol.5 No.9. Skopje 2021 (29-36);
5. Shesho, A.: *Implementation of emerging technologies in Accounting.* International Journal of Science and Arts IDEA. European University – Republic of Macedonia. Vol.3 No.5. Skopje 2019 (57-64);
6. Skrcheska, A. co-author: *Utilizing the Benefits of Circular Economy and Resource Efficiency.* 7th International Scientific Conference “Contemporary Aspects of Circular Economy”. European University Republic of Macedonia. International Journal of Science and Arts IDEA. Vol.1 No.2. Skopje 2017 (101-108);
7. Skrcheska, A.: *Challenges of Accounting Information Systems and E-Accounting in Business Decision-Making.* 5th International Scientific Conference on Digital Culture and Society. 3-4 November 2017. Blagoevgrad, Bulgaria.

Од приложените стручно-научни трудови, може да се согледа дека научно-истражувачката работа на кандидатката д-р Анита Шешо, покрај нејзината матична област, покрива широко поле на интерес и познавања што е резултат на нејзината широка наобразба и континуирана стручна надоградба.

**2. Учество на научни собири, конференции:**

Научните резултати д-р Анита Шешо ги презентирала на следните конференции, научни собири, симпозиуми и академски гостувања:

2021 ***"Challenges and Opportunities for Accounting Profession due to Covid-19 Pandemic"*** во рамките на дискусијата на Единаесеттата меѓународна научна конференција, под наслов "Науката и уметноста во услови на пандемија", во организација на Европски Универзитет - Скопје, 24. 09.2021 година,

2021 ***"Economic Assessment of the Integration of Renewable Energy Sources in the Heating Sector"***, во рамките на дискусијата на Единаесеттата меѓународна научна конференција, под наслов "Науката и уметноста во услови на пандемија", во организација на Европски Универзитет - Скопје, 24. 09.2021 година,

2017 ***"Challenges of Accounting Information Systems and E-Accounting in Business Decision-Making"*** во рамките на дискусијата на Петтата меѓународна научна конференција, под наслов "Дигитална револуција во културните и социјалните процеси", во организација на Југозападен универзитет Неофит Рилски – Благоевград, Бугарија, 03-04. 11.2017 година,

2017 ***"Utilizing the Benefits of Circular Economy and Resource Efficiency"*** во рамките на дискусијата на Седмата меѓународна научна конференција, под наслов "Современи аспекти на циркуларната економија", во организација на Европски Универзитет - Скопје, 13.09. 2017 година,

**3. Одржување настава на прв и втор циклус на студии:**

Кандидатката д-р Анита Шешо, во своето седумнаесетгодишно работно искуство како Помлад асистент и Асистент по група предмети од обласа на Сметководството и како Доцент на група предмети од обласа Сметководство посебно се истакнува со наставните искуства произлезени од активниот ангажман во наставата на Факултетот за економски науки при Европскиот Универзитет – Скопје, на прв и на втор циклус студии.

Нејзиниот ангажман на Факултетот за економски науки при Европски Универзитет - Скопје, во својство на наставник (доцент) опфаќа реализација на настава на студии од прв и втор циклус на студии, по предметите: Основи на сметководство, Основи на економија, Финансиско сметководство, Банкарски сметководствен систем, Ревизија, Анализа на финансиски извештаи, Корпоративно финансико известување, Меѓународни сметководствени стандарди. Во текот на предавањата користи современи методи во наставно-образовната дејност поттикнувајќи интерактивна настава и активност кај студентите. Покрај предавањата, таа е ангажирана и за организрање на колоквиумите и испитите по наставните предмети, во изготвување и оценувањето на испитните прашања, менторство на семинарски и стручни трудови, дипломски трудови и магистерски трудови, како и секојдневни консултации со студенти од прв и втор циклсу студии.

## III. СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА И ОРГАНИЗАЦИСКО-РАЗВОЈНА ДЕЈНОСТ

Д-р Анита Шешо, во текот на нејзиниот ангажман на Европски Универзитет - Скопје, активно учествувала во развојните тимови за подготовката на наставните програми на Факултетот за економски науки за студиите од прв и втор циклус. Кандидатката учествувала во техничко, организациско, тематско, структурно и дидактичко подготвување на наставните оптоварувања и наставните задолженија при изготвувањето на наставните и предметните програми на факултетот. Активно учествувала и во подготовката на елаборатите за акредитација на студиските степени и циклуси, како и во подготовката на поднесоците за усогласените наставни програми со тековните законски решенија и обврски.

Кандидатката д-р Анита Шешо учествувала во организационите одбори на неколку меѓународни научни конференции во организација на Европскиот Универзитет - Скопје, како и во тимовите за спроведување на самоевалуација на Факултетот за економски науки при Европскиот Универзитет - Скопје. Кандидатката е активно вклучена во координацијата на активностите за издавање на Меѓнародно списание за наука и уметност - „ИДЕЈА“, Европски Универзитет – Скопје.

Покрај наведените активности, кандидатката е активно вклучена во проектот за спроведување обука за сертифицирање на овластени сметководители во јавниот сектор (PACT) во Република С. Македонија, како дел од програмата на Институтот за јавни финансии и сметководство (CIPFA) од Лондон со поддршка на Министерството за финансии на Р.С. Македонија.

Кандидатката е вклучена и има реализирано предавања како дел од Еразмус+ програмата за мобилност на наставен кадар.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на изложениот преглед на биографијата, професионалниот наставно – научен развој и резултатите од научно – истражувачката, стручно-апликативната и организациско-развојната дејност, Комисијата може да заклучи дека кандидатката д-р Анита Шешо ги исполнува условите од Правилникот за единствените критериуми и постапка за избор во наставно – научни, научни, наставни и соработнички звања на Европски Универзитет - Скопје и условите кои ги предвидува Законот за високо образование на Република С. Македонија.

Кандидатката д-р Анита Шешо е доктор на економски науки. Просечниот успех на I (првиот) циклус на студии од 8,13 и II (вториот) циклус на студии од 8,38 укажува на исполнетост на законските услови во поглед на просекот на кандидатката. Кандидатката има објавено минимум пет рецензирани научни трудови во референтна научна публикација во последните пет години пред објавување на огласот за избор.

Научните размислувања и истражувачки резултати на д-р Анита Шешо се значаен прилог кон современите промислувања за сметководствената област во рамките на македонската научна мисла. Нејзината способност за квалитетно

изведување на наставно-научната дејност е потврдена во нејзиното ангажирање како наставник – доцент на Факултетот за економски науки при Европскиот Универзитет – Скопје.

Врз основа на нејзините научно-истражувачки и наставно-научни резултати, Рецензентската комисија има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за економски науки во состав на Европски Универзитет - Скопје да го усвои овој Извештај и да ја избере д-р Анита Шешо за наставник во наставно-научно звање **ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР** за наставно-научната област **СМЕТКОВОДСТВО.**

**Скопје, 14.10.2022 год.**

**Рецензентска комисија**

Проф. д-р Блажо Недев

________________________________

Проф. д-р Зорица Божиновска Лазаревска

________________________________

Проф. д-р Зоран Миновски

________________________________